РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
АГЕНЦИЈА ЗА КВАЛИТЕТ ВО ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ
ОДБОР ЗА АКРЕДИТАЦИЈА НА ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ

REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
AGJENCIA PËR CILËSI NË ARSIMIN E LARTË
BORDI PËR AKREDITIM I ARSIMIT TË LARTË

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
АГЕНЦИЈА ЗА КВАЛИТЕТ ВО ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ
AGJENCIA PËR CILËSI NË ARSIMIN E LARTË
Бр.-Nr. 08 - 834/4
20.02.2026 год.-viti

Врз основа на член 48 став (2) точка 6, член 145 став (2) од Законот за високото образование* („Службен весник на Република Македонија” бр. 82/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија” бр.178/21, 58/24 и 124/25), Одборот за акредитација на високото образование на Република Северна Македонија, на својата 45 седница одржана на 30.12.2025 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**за акредитација на студиската програма „Физика“, од трет циклус на академски студии - докторски студии (180 ЕКТС), на Природно - математички факултет при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ Скопје**

1. Се акредитира студиската програма „Физика“, од трет циклус на академски студии - докторски студии (180 ЕКТС), на Природно - математички факултет при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ Скопје, согласно Законот за високо образование* („Службен весник на Република Македонија“ бр.82/18), Правилникот за стандардите и нормативите за основање на високообразовни установи и за вршење високообразовна дејност („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 245/22, 4/23 и 97/24) и Уредбата за утврдување на научно-истражувачките полиња од трето ниво (области) („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 91/2024).

2. Акредитација за студиската програма од точка 1 на ова решение е за период од пет студиски години, почнувајќи од студиската 2026/2027 година.

3. По завршување на студиите на студиската програма од точка 1 од ова решение, студентот се стекнува со 180 ЕКТС кредити и се стекнува со академски назив: Доктор на физички науки/во меѓународен промет академски назив: Doctor of Physical Science (PhD in Physics).

Научно - истражувачко подрачје: 1.01 Природно – математички науки; Научно – истражувачко поле: 1.03 Физички науки, Научно - истражувачко област: 1.03.00.01 Физика, 1.03.00.02 Физика на кондензирана материја, 1.03.00.03 Теориска физика, 1.03.00.04 Нуклеарна физика, 1.03.00.05 Атомска и молекуларна физика, 1.03.00.06 Физика на елементарни честички, 1.03.00.07 Оптика, 1.03.00.08 Астрономија и астрифизика, 1.03.00.09 Геофизика, 1.03.00.10 Медицинска физика, 1.03.00.11 Биофизика, 1.03.00.12 Метереологија и физика на атмосфера, 1.03.00.13 Метрологија, 1.03.00.14 Физика на материјалите, 1.03.00.15 Образование по физика, 1.03.00.16 Друго

4. Акредитирани ментори за докторски студии на студиската програма се: Проф. д-р Мимоза Ристова, проф. д-р Атанас Танушевски, проф. д-р Гордана Апостоловска, проф. д-р Сузана Топозоски, проф. д-р Олгица Кузмановска, проф. д-р Александар Ѓурчиноски, проф. д-р Ирина Петрска, проф. д-р Александар СКепаровски, проф. д-р Ристе Поппески – Димовски, проф. д-р Ламбе Барандовски, проф. д-р Даница Крстовска, проф. д-р Ненад Новковски, проф. д-р Владо Спиридонов.

5. Менторот на докторски студии од точка 1 на ова решение може истовремено да биде ментор на најмногу три докторанти кои кај него ќе се обучуваат за научна работа и за изработка на докторски труд.

6. Ова решение е конечно и влегува во сила со денот на донесувањето.

**О б р а з л о ж е н и е**

По предходно донесената Одлука бр. 02-952/8 од 03.1.2025 година од страна Сенатот на универзитетот, за усвојување на студиската програма „Физика“, трет циклус на академски студии - докторски студии (180 ЕКТС), на Природно - математички факултет при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ Скопје, до Агенцијата за квалитет во високото образование, односно до Одборот за акредитација на високото образование, достави барање со нивен бр. 20-958/9 од 20.11.2025 година (наш бр. 08 - 834/1 од 20.11.2025 година) за прифаќање на елаборат, односно за акредитација на предметната студиска програма.

Одборот за акредитација на високото образование, на 43-та седницата одржана на 27.11.2025 година, формира стручна комисија за разгледување на барањето за акредитација со придружната документација и подготвување на извештај по однос на барањето и документацијата.

Врз основа на позитивната оценка содржана во извештајот на стручната комисија, бр.08 – 834/3 од 02.02.2026 година, согласно Законот за високо образование*, Правилникот за стандардите и нормативите за основање на високообразовни установи и за вршење високообразовна дејност („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 245/22, 4/23 и 97/24) и Уредбата за утврдување на научно-истражувачките полиња од трето ниво (области) („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 91/2024). и Правилник за методологијата, стандардите и постапката за акредитација на високообразовните установи и за акредитација на студиските програми („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.256/22), Одборот за акредитација на високото образование, на својата 45-та седница одржана на 30.12.2025 година, одлучи како во диспозитивот на ова решение.

**Правна поука:** Решението за акредитација на студиска програма е конечно и против него може да се поднесе тужба до Управниот суд.

Претседател на Одборот за акредитација на високото образование
Проф. д-р Марјан Ѓуровски